## *Права и обврски на учениците*

- Секое дете има право на основно образование.
- Родителот, односно старателот на ученикот (во натамошниот текст: родителот) е должен да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание.
- Основното образование се организира и остварува во основно училиште.
- Забранeто е физичко, психичко и сексуално малтретирање на ученикот и понижувачко однесување и постапување кон него.
- Ученикот има право и обврска редовно да ја посетува наставата и да учествува во воспитно — образовната работа што ја организира училиштето.
- Ученикот од здравствени причини може да биде ослободен од учеството во одделни активности во наставата во основното училиште, врз основа на потврда издадена од соодветна здравствена установа.
- Ученикот има право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште.
- За секое изостанување на ученикот од настава родителот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето.
- Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат следните педагошки мерки: усна опомена, писмена опомена, укор, преместување на ученикот во друга паралелка и намалување на поведението. За учениците кои ќе направат 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци во училиштето се организира советување на родители и ученици.
- Основното училиште во договор со родителите може за сите ученици да организира најмалку еден оброк во текот на престојот во училиштето. Трошоците за оброкот ги плаќа родителот.
- Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања основното училиште ги пофалува односно наградува.
- За организирано остварување на интересите на учениците, се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. А исто така во училиштето се избира ученички правобранител кои се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците.




## *Реализација на следниве проекти во училиштето:*

- Ненасилно однесување во училиштето
- Проект за меѓуетничка интеграција на учениците
- Еко училиште
- Антикорупциска едукација на учениците
- Отворено граѓанско општество
- E-Twinning проекти

## *Воннаставни активности*



- Соработка со театри, кино, локална самоуправа и други училишта
- Афирмирање на спортски клубови со активности во училиштето (кошарка, фудбал, одбојка, ракомет, тенис, карате, џудо, теквондо)
- Негување на културата и традицијата
- Организирање на научно - рекреативни екскурзии
- Посета на планетариум, музеи, театри, кино, фестивали, саеми ....
- Уредување на училишниот двор со засадување цвеќиња во училишната еко градина


ООУ „Ацо Шопов“ - Скопје



Република Македонија
ул. Радишанска 68а
тел: +389 2 2673 - 178
Факс: +389 2 2601 - 757
E-mail: aco.sopov@yahoo.com


# *Брошура за учебната 2025/2026*

## *ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „АЦО ШОПОВ“ СКОПЈЕ*

**Мото на училиштето**

Училиште со еднакви можности за развој и напредување



**В И З И Ј А**

Училиште кое користи современа образовна технологија следејќи ги промените во општеството и почитувајќи ги разликите создава личности подготвени за следни предизвици

**М И С И Ј А**

Квалитетно образование како темел за подобра иднина

Поаѓајќи од мисијата училиштето ќе го поттикнува учењето и личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците преку создавање на услови кои промовираат етничка интеграција и здрава училишна средина.

## Програма за работа

- Основното општинско училиште „Ацо Шопов“ е лоцирано на територијата на општина Бутел, во населба Радишани на ул. „Радишанска“ 68, а опфаќа и ученици од населбата и селото Радишани.
- Учебната 2024/20245година, училиштето работи со вкупно **762**ученици, кои се распоредени во **34** паралелки, во две смени предводени од **54** наставници.
- Раководен орган на училиштето е директорот Билјана С. Антовска која е одговорна за законитоста во работењето и материјално-финасиското работење на училиштето.
- Орган на управување е Училишниот одбор, кој е составен од седум члена, а претседател е Зорица Бојковска
- За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите на учениците е формиран Совет на родители чиј претседател е Гордана Николовска Стојчевска.
- Во најдиректна врска со поимот унапредување на воспитно - образовната работа во училиштето заради подобрување на квалитетот на работата на наставата и знаењата на учениците е работата на психологот Адријана Зарева-Кипровска, и педагогот Маја Ивановска. Поради тоа задачата на психологот и педагогот е изнаоѓање на заеднички однос, разбирање и решавање на проблемите меѓу учениците и родителите од една страна и наставниците од друга страна.
- Во училиштето работи специјален едукатор и рехабилитатор Марина Минциковска Апостоловска.
- Во училиштето работи училишна библиотека која располага со лектирни и друг вид на литература за потребите на учениците. Одговорен е Звонко Николовски.
- Во училиштето функционираат повеќе тимови кој допринесуваат во неговата работа: стручни активи, одделенски совети, инклузивен тим, одделенски заедници, ученички парламент, ученички правобранител и еко одбор и стручен тим составен од директорот на училиштето Билјана С. Антовска, психологот Адријана Зарева-Кипровска, педагогот Маја Ивановска и секретарот Ана А. Митровска.





## Приоритети во реализирање на воспитно - образовната работа

Реализацијата на активностите предвидени со годишната програма за работа на ООУ „Ацо Шопов” - Скопје во учебната 2025/2026 година ќе се одвива според предвидените приоритети со цел да се навлезе што посуштински и содржински во нивната длабочина и стручност. Тие всушност претставуваат основа и услов за реализирање на поставената мисија и визија на училиштето. Со нивната успешна реализација ќе се овозможи поквалитетна настава и безбедна средина во која учениците ќе доаѓаат со задоволство, затоа што во него наставата ќе биде современа, ефикасна и квалитетна. Тие се: Поголема вклученост на сите субјекти во воспитно образовниот процес во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, како и поголема информираност на родителите за преземените активности; Унапредување на системот за превенција и справување при појава на насилство во училиштето; Обезбедување на потребните материјално-технички сретства со цел подобрување на реализација на наставните и вонннаставните активности.

## Цели за реализирање на воспитно - образовната работа

- Обезбедување на сигурна и безбедна средина без насилство и штетни влијанија од пушење, алкохол и наркотични средства.
- Осовременување на наставните и воннаставните активности.

## Индикатори за квалитет на работата на училиштата

Работните тимови за своите подрачја со цел да одговорат на прашањата во рамките, во координација со членовите на комисијата спроведуваат анкети, интервјуа и вршат увид во потребната документација, врз основа на кои ги обезбедуваат сите потребни податоци и материјали потребни за да одговорат на прашањата за своето подрачје. Формирани се 4 тима во кои е вклучен целиот воспитно образовен кадар: Планирање, мастава и учење, Постигнување на учениците, Училишна клима и односи во училиштето и Управување, раководење и креирање политика.

## Организација на наставата

- Наставата се организира и изведува според задолжителни и изборни предмети кој се изучуваат според наставниот план за основно училиште.
- Дополнителна настава се организира за учениците кои имаат тешкотии во учењето и на кои им е потребна помош во текот на наставната година.
- Додатна настава се организира за учениците кои покажуваат значителни интереси и резултати по одделни предмети.
- Вонннаставни активности се наменети за учениците кои имаат посебни желби и интереси своето слободно време организирано да го исполнуваат со најразлични содржини преку кои ја формираат својата личност, а со тоа ќе придонесат за афирмација на уилиштето.
- Проширената програма на основното училиште опфаќа прифаќање и заштита на учениците кој остануваат подолго од завршување на редовната настава или пред почетокот на редовната настава.
- Училиштето има организиран продолжен престој за учениците од I одд. и продолжен престој во комбинирана паралелка за учениците од II и III одд. Учениците ги извршуваат нивните домашни задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности според годишната програма.
- Во училиштето се реализираат програми за работа со надарени ученици во одредена област, за ученици кои покажуваат посебен талент и интерес за одреден предмет.
- Во училиштето постои инклузивен тим на ниво на училиште и инклузивни тимови на ученици кои изготвуваат индивидуални образовни планови за учениците со посебни образовни потреби (ПОП).
- Во подрачјето оценување, наставниците ги откриваат знаењата со кои располагаат учениците преку примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците кои ги имплементираат во наставата преку формативното и сумативното оценување.
- Сето ова успешно функционира преку активностите на стручните активи:- Актив на одделенска настава,- Актив на хуманитарна група предмети и - Актив на природна група предмети.

## Ученички екскурзии

Во програмата за ученички екскурзии во текот на 2025/2026 година планирани се два еднодневни излети со спортско-рекреативен карактер (есенски и пролеттен), настава во природа за учениците од V одделение, еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение, дводневна наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение, тродневна наставно-научна екскурзија за учениците од IX одделение.

